# Документи усвоени на 6-от Конгрес на СОНК

## ДОКУМЕНТИ УСВОЕНИ НА 6-от КОНГРЕС НА СОНК

На следните линкови можете да ги превземете документите кои што беа усвоени на 6-от Конгрес на СОНК:
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОНК.pdf

П Р О Г Р А М А 2015-2020.pdf

Р Е Ф Е Р А Т- 2015.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 1 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 2 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 3 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 4 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

---

# О.О.У. БРАЃА МИЛАДИНОВЦИ ОД СКОПСКИ АЕРОДРОМ – ДОМАЌИН НА ДИРЕКТОРОТ НА ETUCE И РАКОВОДСТВОТО НА СОНК

**О.О.У. Браќа Миладиновци од скопски Аеродром – домаќин на директорот на ETUCE и раководството на СОНК**

Директорот на европската Конфедерација на синдикатите за образование, г-ѓа Сузан Флокен, придружувана од раководството на СОНК, беше во посета на општинското основно училиште ”Браќа Миладиновци” од Скопје, каде што имаше можност да поразговара со директорот на училиштето, г-динот Тони Димов и со членовите на синдикалната организација на СОНК од оваа установа.



Од страна на директорот бевме информирани за работата на училиштето кое е единствено во градот Скопје, што успешно работи со две наставни програми, националната програма и меѓународната IB програма. Тој ни посочи за потешкотиите во нивното работење и реализација на законските обврски, но воедно и искажа позитивни ставови во однос на ангажираноста и високиот професионализам на вработените во тоа училиште, што резултира со одлични резултати кај учениците. Тој, исто така,

го подржува ангажирањето на СОНК за подобрување на социјалниот статус на вработените, особено за неговото училиште, при што побара помош и подршка од СОНК за изнаоѓање на законско решение за наградување на вработените кои работат по споменатите две програми.



Претседателот на синдикалната организација на СОНК, г-ѓа Анета Велкоска, во кратки црти ни ја опиша работата во оваа синдикална организација, партнерскиот однос со директорот на училиштето, активното учество во Регионалниот одбор на СОНК, како и за статутарното право на секој од членовите, преку синдикалната организација, да може да даде придонес во севкупното работење на СОНК. Во дискусијата, од страна на повеќе членови на синдикалната организација, беше кажано дека се задоволни од работењето на нивната организација, но побараа поголемо ангажирање од сите оние коишто имаат законска можност да придонесат за подобрување на платите во образованието,

подобрување на условите за работа, како и подобрување на законските решенија во основното образование.

Г-ѓата Сузан Флокен беше воодушевена од работењето на училиштето и од посветеноста на сите вработени, а особено на наставниците за реализација на наставните програми. Таа се согласи дека просветните работници во Македонија заслужуваат многу повеќе во однос на личните доходи, вложување во инфраструктурата во училиштата, наставните средства и помагала, едукација на наставниците, а особено за вакви училишта кои што реализираат две наставни програми.

---

# ГРАДИНКИТЕ БАРААТ ДА СЕ ПОЧИТУВА ЗАКОНОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ВО ДЕЛОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

СОНК ОДРЖА ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА ПРЕД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

На ден 7-12-2020 година, СОНК предводен од претседателот, г-дин Јаким Неделков, одржа прес-конференција, пред Министерството за труд и социјална политика.

На пресот учествуваше и дел од раководството на СОНК, кое спонтано се приклучи и даде придонес на активностите што ги презема СОНК.

Имено, во последниов месец, во дел од градинките во нашата држава, врз основа на издадено Решение од страна на инспектори

при Министерството за труд и социјална политика, се бара неделното работното време на воспитувачите и негователите, да се зголеми на 40 часа, што е спротивно и на Законот за детска заштита и на потпишаниот Колективен  договор за оваа дејност.

СОНК, по однос на овој проблем, оствари повеќе средби со претседателите на синдикални организации и со Министерот за труд и социјална политика, со цел, а по пат на социјален дијалог, да се надмине ова прашање. За жал и покрај сите агументи кои укажуваат дека ваквата состојба е неиздржана и против одредбите од Законот и Колективниот договор за оваа дејност, директорите на установите се приморани, согласно издадените решенија,  писмено или усно да им наложат на вработените да работат со 8 часовно работно време.

Претседателот на СОНК, Неделков, на прес-конференцијата, ја осуди ваквата состојба во детските градинки и одговори на потребата, која беше побарана од страна на Министерот за труд и социјала политика, г-ѓа Јагода Шахпаска, овие вработени во услови на пандемија од Ковид-19, да бидат општествено одговори и подвлече дека:

-вработените во детските градинки, без разлика дали се наоѓаат во вонредни или редовни услови за работа, без исклучок, секогаш се однесувале и ќе се однесуваат со најголема општествена одговорност и најсовесно ја извршуваат својата работа со нешто најмило и свето, а тоа е најмладата популација односно децата.

-во овие вонредни услови, со најголема одговорност, тврдат дека почитувајќи ги протоколите, никогаш не се случило да не се прифати дете во периодот предвиден за тоа или да не се предаде детето на родител, кога тој ќе дојде да го земе. Напоменуваат дека, со добро менаџирање во установите нема мешање на групи на деца и вработени, така што воспитувачот и негувателот од сопствената група ги примаат односно предаваат децата.

-тврдат дека се општествени одговорни и заради тоа што не ретко останувaат и подолго на работа, се додека не дојде и последниот родител по своето дете и за тоа никогаш не гледале на час или на работно време.

-тврдат дека се општествено одговорни и покрај многуте тешки услови за работа во градинките, пред се, од просторни услови и големина на групите, коишто неретко се и двојно поголеми од нормативот и никогаш не  го намалиле квалитетот на грижата, воспитанието и образованието на децата.

-тврдат дека се општествено одговорни и заради неисполнување на одредбите од Правилникот за стандардите и нормативите за работата на детските градинки, во делот на потребен кадар за работа со целосни групи. Тоа значи дека работата што треба да ја работат тројца, тие со децении ја работат двајца.

-тврдат дека се општествено одговорни  и заради тоа што во случај на отсутност на колешка во група, од разни причини, нејзината работа се префрла на еден вработен, без да се најде нејзина замена и работното време со деца трае повеќе од 10 часа.

-тврдат дека се општествено одговорни и покрај сите работни обврски што ги реализираат во установата, а заради немање услови, работат и онлајн настава од дома со деца коишто од разни причини не посетуваат настава.

-тврдат дека се општествено одговорни бидејќи обуките за професионален развој ги посетувааат надвор од работното време.

-и покрај огромната опасност од пренесување на вирусот од децата врз нив, без исклучок, ја работат најсовесно нивната работа, иако ниту еден директор нема потпишано изјава за проценка на ризик на работно место.

-и секако, да не се заборави дека вработените во детските градинки со децении имаат најниска плата во јавниот сектор, иако нивната работа е можеби најсензитивна и најодговорна.



На крајот од прес-конференцијата, претседателот Неделков се обрати до Министерот за труд и социјална политика велејќи дека сите погоре наведени аргументи доволно говорат за одговорни трудољубиви работници, коишто во ваков период наместо да бидат заштитени од евентуални заболувања и несакани последици, со вакви непромислени реакции на инспекторите, се доведува во прашање нивното здравје, ентузијазам и исполнителност. Неделков порача дека се надева Министерството ќе стори се за да се врати работното време за работа со деца, согласно Закон и Колективен договор. Исто така, смета дека по пат на социјален дијалог, конечно ќе се затвори ова прашање и во наредниот период ќе се дискутира и изнајде заедничко решение, за прашања кои ќе го подигнат воспитно-образовниот и згрижувачки процес во градинките, како и подигнување на социјалниот статус на вработените во градинките. Во спротивно, СОНК ќе ги искористи сите расположиви средства за одбрана на правата од работен однос на вработените во оваа дејност, вклучувајќи ги и најрадикалните.

# СООПШТЕНИЕ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК И ДО ЈАВНОСТА

Почитувани членови на СОНК и останати вработени во дејностите образование и детска заштита,

Почитувана јавност,

Со ова Соопштение сакаме да Ве информираме дека деновиве сме во постојана комуникација со Министерството за образование и наука (МОН) предводено од министерот за образование и наука, а во врска со Барањата на СОНК за усогласување на платите во образованието (основно, средно, високо образование и наука, како и ученички и студентски домови) врз основа на зголемување на минималната плата на национално ниво.

Иако на преговорите со МОН беше договорено резултатите од преговорите да завршат и да се презентираат најдоцна до 15 Март, за жал тоа не се случи. МОН е во комуникација со Министерството за финансии и очекуваме во текот на денешниот ден (16.03.2022 год.) да имаме одговор на нашето Барање.

Воедно, сакаме да ги информираме нашите членови и јавноста дека сме зачудени од Изјавата на Министерката за труд и социјална политика, која на новинарско прашање за преговорите, одговори дека допрва ќе почне преговарање со СОНК и другите синдикати, што сметаме дека е крајно несериозен пристап за сериозен проблем. Министерството за труд и социјална политика всушност и не одговори на Барањето на СОНК за усогласување на

платите во согласност со Колективниот договор.

Со оглед дека нашите барања се од сериозен карактер, сметаме дека еден ден пробивање на рокот не значи многу во однос на очекуваните резултати од преговорите.

СОНК цврсто стои на оправданоста на своите барања и во наредните неколку дена ќе излезе со јавен став околу резултатите од преговорите, ќе го свика органот на одлучување (Советот на СОНК) со цел носење одлука за понатамошните наши активности.

---

# Наставниците едукатори ја започнаа реализацијата на проектот YouWell

На 01.10.2023 година, 5-те наставници, кои беа избрани на јавниот повик на СОНК за учесници во проектот Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School –YouWell (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901), отпочнаа да ја реализираат својата програма. Имено, секој од нив избра по тројца млади наставници, на кои во следните девет месеци ќе им ја пружаат неопходната помош за да навлезат во тајните на наставничката професија, како и дополнително да ја засакаат оваа благородна работа.





Наставниците – едукатори одговорија на прашалник, кој придонесе да се добие појасна слика за профилот и потребите на помладите наставници. Тие со своите колеги работат групно и индивидуално, каде се разговара за задачи и конкретни цели кои треба да се постигнат за периодот додека трае проектот.







Наставниците – едукатори се подготвени да го вложат сиот свој капацитет и искуство во работата со младите наставници, со цел да изградат профил на наставник кој ќе ги задоволи и најстрогите критериуми за квалитетен наставник.







---

# ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОНК, ОДРЖАНА НА 26-11-2016 година

## ГОСПОЃО РЕМЕНСКИ, ВИЕ СТЕ МИНИСТЕР, А НЕ ЗАКОН И КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР !

Министерството за труд и социјална политика на 21-11-2016 година има доставено писмен документ, насловено до директорите на Јавните установи за деца – детски градинки, без архивски број и без потпис и печат, што само овој ,, недостаток,, документот го прави невалиден, но укажува и на крајно неодговорен однос на споменатото Министерство. Меѓутоа, многу посериозни се другите аспекти на овој т.н. документ кои преставуваат исклучително грубо кршење на неколку закони, колективни договори, Правилник, меѓународни конвенции и т.н.

Имено, со ,, документот,, им се наредува на директорите на

детските градинки да воведат 40 часовно неделно работно време и за воспитувачите и негователите во детските градинки, што е целосно спротивно на член 67, ставовите 2 и 3 од Законот за заштита на децата, Колективниот договор за детска заштита и Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

Скандалозниот ,, документ,, е авторско дело на –Одделение за инспекциски надзор од дејноста заштита на децата, кое е дел од МТСП и наведени имиња и презимиња на двајца инспектори ( кои од фактот што нема нивни потпис и заверка , не може да ги наведеме заради веродостојноста на нивниот идентитет).



Но како и да е, со застрашувачкиот,, документ,, им се наредува на директорите …,,да доставуваат електронски извештаи за дневно присуство на вработените…,, и тоа почнувајќи од ДЕНЕС,,…, а во спротивност им следува :

1. Глоба во износ од 1000 евра за установата…и

2. Глоба во износ од 30% од 1000 евра за директорот на установата!!!

Каква е оваа моќ, на која ќе и позавидат и најмоќните императори и властодршци во историјата…Со половина страничка на лист хартија, воведувате принудна управа во сите детски градинки во државата; пресудувате износ на парична казна ако не ве послушаат и секако за неважечки ги ставате – Законот за работни односи; Законот за детска заштита; Колективниот договор за детска заштита; неколку меѓународни конвенции…а, да надлежностите на локалната самоуправа – што беше тоа?!!! Да, да – детските градинки се под надлежност на единиците на локалната самоуправа. А само две инспекторки од Одделението за инспекциски надзор од дејноста заштита на децата при МТСП, дури без да стават свој потпис, ги суспендираа надлежностите на сите општини во Р.Македонија и тоа со благослов на актуелниот технички министер за труд и социјална политика госпоѓата Фросина Ременски.

Приказната да биде уште по неверојатна, но за жал е вистинита, споменатата министерка на Прес – конференција одржана на 23-11-2016 година, не само што не се огради од веќе направениот скандал, туку на прашање на новинар го направи уште поголем , со одговорот дека тоа било направено заради тоа што воспитувачите и негователките оделе на партиски митинзи, а децата во градинките останувале да ги чуваат хаузмајстори !!!
И онака , дополнително – СОНК не ги штител правата на работниците, туку влегол во политички води ( а тоа веројатно било строго забрането, доколку не си технички министер и не си потпретседател на политичка партија ).

Госпоѓата технички министер Ременски е должна пред граѓаните на Р. Македонија, така јавно и смело како на 23-11-2016г, да ги објави установите чии вработени за време на работа биле на митинзи на било каја политичка партија, да објави во кои детски градинки и кога хаузмајсторите ги чувале децата во истите и што таа и нејзините инспектори превзеле во врска со ваквиот невиден скандал, ако навистина постои такво нешто. Но доколку нема докази за изнесеното тврдење, тогаш најмалку што треба да направи е веднаш да поднесе оставка од исклучително

важното место технички министер за труд и социјална политика.

А за изнесеното тврдење дека СОНК не ги штител правата на работниците и дека влегол во политички води, истото ќе треба да го докаже во судска постапка , во согласност со Кривичниот законик на Р. Македонија, со кој е строго забрането мешање во организирањето и активностите на синдикатите.

Но, најважно и најитно од се е – ВЕДНАШ да го повлече скандалозниот документ и да покрене постапка на поединечна одговорност за тие што го направиле истото. Доколку тоа не биде направено, СОНК најавува дека во текот на првите работни денови од наредната недела ќе организира голем Протест пред седиштето на МТСП во Скопје, на кој покрај членовите на СОНК од детските градинки, ќе бидат повикани да присуствуваат членовите на СОНК од сите дејности, како и членовите на другите синдикати, а сето тоа во согласност со одредбите на Законот за работни односи.

СОНК ќе ги превземе и сите други легитимни и легални мерки што му стојат на располагање и нема да отстапи од неговата обврска за заштита на правата на своите членови, како што тоа го правел многупати до сега и никогаш ниту отстапил, ниту ќе отстапи кога се доведени под прашање интересите на своето членство. А овој случај, досега е без преседан.

---

# ПРОПАЃААТ ОБИДИТЕ ЗА СОЗДАВАЊЕ РАЗДОР ВО РАКОВОДСТВОТО НА СОНК

# ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК ПОВТОРНО ГО ПОТВРДИЈА ЦЕЛОСНОТО ЕДИНСТВО

Врз основа на член 55, а во врска со член 30, став 2 од Статутот на СОНК, претседателот на СОНК Јаким Неделков, свика работна средба со претседателите на регионалните одбори на СОНК, која се одржа на 7.03.2015 година.

На работната средба, на која присуствуваа сите претседатели на регионалните одбори на СОНК, претседателот на СОНК со воведно излагање информираше за текот на преговорите со ресорните министерства во врска со Барањата на СОНК, кои се предмет на преговори, а согласно Спогодбата помеѓу СОНК, од една страна и МОН и МТСП од друга страна, потпишана на 3.02.2015 година.

Во подолгото излагање претседателот Неделков истакна дека се водат сериозни преговори со Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, додека со Министерството за култура и покрај сите обиди и напори од страна на раководството на СОНК и понатаму продолжува молкот, кој е целосно спротивен со законските обврски во делот за социјалното партнерство и социјалниот дијалог. Претседателот на СОНК изрази убедување дека од досегашниот тек на преговорите постигнати се конкретни резултати (не се одбиени дневници за деновите поминати во штрајк; одработувањето на споменатите денови ќе се врши само откако ќе се постигне договор помеѓу СОНК и МОН; не се врши казнување по основ на резултатите од екстерното оценување за јануари и февруари 2015 година што е во согласност со Спогодбата од 3.02.2015 година). Во однос на другите барања со МОН сме многу блиску до взаемно прифатливо решение за рационализација на педагошката евиденција и администрација. Во врска со паричните казни по разни основи во постоечките законски одредби, МОН има дадено предлог за нивно значајно намалување, меѓутоа околу ова прашање СОНК од принципиелни причини, нема да се изјаснува за висина на паричните казни и колку и да се намалува нивниот

износ.

Во преговорите со МОН, практично клучно од аспект на СОНК е прашањето во однос на казните по резултати од екстерното оценување во основните и средните училишта. Преговарачкиот тим на СОНК не отстапува од барањето казните да бидат целосно отстранети, а останува на ставот дека има потреба од екстерно оценување, но за истото има доста простор за интервенции, во смисол на подобрување на постоечкиот модел, што во досегашниот дел од преговорите направени се значајни подобрувања.

Последните преговори помеѓу МОН и СОНК на 4.03.2015 година беа чекор напред во целосно доближување на ставовите, со исклучок на прашањето на казните, за кои Министерството побара дополнителни консултации, но со јасно искажано мислење од нивна страна со оптимизам дека, до крајниот рок 15-ти март, ќе има заедничко конечно решение по сите прашања.

Во дискусијата на работната средба учествуваа најголемиот дел од претседателите на регионалните одбори, кои дадоа целосна поддршка на преговарачкиот тим, со очекување истите целосно да завршуват најдоцна до 15-ти март. Врз основа на воведното излагање на претседателот и дискусиите, едногласно беа донесени следниве

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Се дава целосна подршка на највисокото раководство на СОНК и преговарачкиот тим за досегашниот тек на преговорите
2. Целосно се подржува досегашниот став на раководството и преговарачкиот тим во врска со прашањето за казните по резултатите од екстерното оценување на учениците и се потврдува дека истиот став е изграден врз основа на неподеленото мислење од страна на вработените во основните и средните училишта и по ова прашање не може да има никакво отстапување во преговорите со ресорното министерство, што досега целосно го почитува

раководството и преговарачкиот тим на СОНК

3. На работната средба потврдено е уште еднаш дека Предлог Спогодбата која треба да произлезе како резултат од преговорите со ресорните министерства, а по утврдување од страна на Советот на СОНК, ќе биде ставена на изјаснување пред синдикалните организации на СОНК и врз основа на резултатите од тоа изјаснување, Советот на СОНК ќе донесе Одлука за прифаќање или неприфаќање на истата.

Претседателот на СОНК изрази задоволство од покажаното единство во врска со Заклучоците и побара од претседателите на регионалните одбори на СОНК целосно да стојат на позициите на Статутот и Програмата на СОНК, а истото да го бараат и од синдикалните организации во своите региони. Сите поинакви однесувања, за кои се или ќе се обезбедат докази, ќе бидат санкционирани согласно Статутот на СОНК.

---

# ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК

**УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

**ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

Како и секоја година, согласно Статутот на СОНК, Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК, врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро, на ден 10-03-2020 година го разгледа Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2019 година. Од членовите на Надзорниот одбор беше констатирано дека сите навремено пристигнати документи, по сите основи, се реализирани и дека Синдикалниот фонд работи со позитивни финансиски резултати и на општо задоволство на членовите кои се корисници на Фондот.

Истиот ден, беа одржани и седници на Управниот одбор и Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на кои беа отворени повеќе прашања во врска со начинот на работењето на Синдикалниот фонд и можностите за воведување на евентуални нови поволности, се со цел да се обезбедат поповолни услови и потреби на членовите во синдикалните организации, членки на Синдикалниот фонд, секако врз основа на финансиските можности на Фондот.

По опширната расправа од страна на членовите на Собранието на Синдикалниот фонд, кој патем да спомeнеме дека го сочинуваат по еден преставник од регионалните одбори на СОНК, секако од синдикалните организации кои се членки на Фондот, заеднички беше констатирано:

- Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење и потреба за членовите на СОНК и сите синдикални организации, членки на Фондот се презадоволни од функционирањето и во пресрет на потребите на членовите.
- Согласно барањето на членовите на Фондот,ако минатата година за поголем процент се зголеми износот на синдикалниот кредит и тоа од 15.000 на 18.000 денари, кој единствено се враќа, за разлика од останатите основи кои се неповратни средства, оваа година треба да се обрне внимание и да се воведат новини по другите основи.

- Согласно финансиските можности, по предлог на Управниот одбор на Синдикалниот фонд, Собранието едногласно го усвои предлогот за зголемување на основицата за пресметување на неповратни средства или поточно од 6.000 денари на 8.000 денари, што е за повеќе од 30%. Овде мора да се напомене дека не влегуваат основите за остварување на неповратна помош кои, согласно Правилникот на Синдикалниот фонд, се исплатуваат процентуално од направените трошоци, односно болничко лекување и набавка на лекови и други медицински помагала.
- Како предлог, едногласно беше усвоен од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК и за воведување на нов основ за остварување на неповратна помош во случај на подолготрајно боледување. Имено, по овој основ, членките на Фондот имаа право на надомест за непрекинато боледување над 60 и 90 дена,кој основ се зголеми и за над 120 дена за непрекинато боледување.
- Исто така е зголемен износот на неповратната помош за студенти кои студираат во нашата држава на одалеченост над 35 км од местото на живеење и тоа од 3.000 на 4.000 денари.
- Како новина, која произлезе како потреба од евентуална злоупотреба, при аплицирање за користење на безкаматниот кредит, жирантите ќе треба да достават и фотокопија од личните карти.

На крајот од седницата, од страна на Собранието на Синдикалниот фонд, беше констатирано дека членството освен што ќе биде информирано за овие донесени измени и дополнувања на Правилникот за користење на средствата на Синдикалниот фонд на СОНК, Стручната служба на Советот на СОНК, во иднина да изготви Прирачници, преку кои, секој член би се информирал за правата и основите за користење на средствата од Синдикалниот фонд на СОНК.

# ОДРЖАН VII-от КОНГРЕС НА СОНК

ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ – РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Во текот на вчерашниот ден, 13.10.2021 година, во исклучително пријатна и работна атмосфера се одржа VII-от Конгрес на СОНК.

На Конгресот, согласно Одлуката за бројот и составот на делегати, од вкупно 119 беа присутни 115 делегати од сите дејности што ги застапува СОНК. Секако, на Конгресот присуствуваа делегации од социјалните партнери и соработници на СОНК, како и делегации од земјите од странство поточно синдикати од образование, со кои нашиот синдикат има долгогодишна синдикална соработка.

Согласно Дневниот ред, Делегатите на VII-от Конгрес едногласно ги усвоија следните документи:

-Извештај за работата на СОНК во мандатен период од декември 2015 до октомври 2021 година;

-Програма за работа на СОНК за мандатен период октомври 2021 – октомври 2026 година;

-Статут на СОНК;

-Резолуција за усогласување на платите на вработените во детските градинки, основното и средното образование со Законот за минимална плата; -Резолуција за заштита на претседателите на синдикалните организации на СОНК; -Резолуција за исплата на целосна плата на заболени и  во изолација од пандемија; -Резолуција за почитување на Законот за работни односи во делот на примена на гранските (посебните) колективни договори.



По усвојување на документите, Делегатите на VII-от Конгрес  го реизбраа Јаким Неделков за претседател на СОНК и му дадоа доверба да го води СОНК во наредните 5 години.

# ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА РАБОТНА СРЕДИНА – ПРЕДУСЛОВ ЗА КВАЛИТЕТНА И ПРОДУКТИВНА РАБОТА

**СОНК и МЗЗПР ги презентираа резултатите од истражувањето за безбедноста на работните места во градинките, образованието, науката и културата**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК во соработка со Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР го реализираат проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука".



Со активностите од овој проект ќе се утврди општата состојба, недостатоците и моменталните слабости во врска со примената на безбедност и здравје при работа (БЗР) на национално ниво, во сите дејности што ги покрива СОНК.

По добиените крајни резултати од извршените активности ќе се

преземат мерки за ефективно спроведување на БЗР процедурите во пракса.

Целта на овој проект е да се создаде една општа култура и познавање од областа на БЗР преку креирање на функционален систем за целокупниот кадар вработен во дејностите од детска заштита, образование, наука и култура.

Придобивка од реализацијата на овој проект ќе имаат сите засегнати страни, особено вработените во установите од детската заштита, образованието, науката и културата, како и синдикатите, работодавачите и надлежните министерства.




Во рамките на овој проект, се одржа јавна дебата на 23.12.2022 година, на која учесници беа дел од нашите членови, а се презентираа резултатите од истражувањето кое беше спроведено во период од 7 до 13 ноември 2022 година. Истражувањето беше по пат на анонимен, двојазичен прашалник, испратен до членовите на СОНК од сите 20 региони. На дебатата се анализираа одговорите на преку 1200 испитаници и се дискутираше за проблемите и потешкотиите со кои се соочуваат

вработените во установите од дејностите што ги покрива СОНК. Јавната дебата беше оценета како конструктивна и со својата тема проникна до сите присутни, од каде произлегоа идеи, сугестии, предлози и препораки до сите релевантни чинители, како да се надминат одредени ситуации, а се со цел подобрување на функционалноста на имплементацијата на БЗР во образовниот и научниот сектор.

